ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 27.11.2017 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник Борјанчо Мицевски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски и Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАКЛУЧОЦИ

**Градоначалник**

Дадено е задолжение до Раководителот на Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина за поголема ажурност и ефикасност на вработените во тоа Одделение кои работат на решавањето на тековните предмети за утврдување правен статус (легализација) на бесправно изградените објекти.

Побарана е информација од Раководителот на Одделението за финансиски прашања во врска со доставувањето на изготвените опомени за комунална такса и даноци на имот и планот за достава на истите

Побарана е информација во врска со тековните постапки за формирање на Совети на месната самоуправа.

Дадено е задолжение до Раководителот на Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура, Раководителот на Одделението за инспекциски надзор и Директорот на ЈП Комуналец за тековно расчистување и оспособување на тротоарите на главната улица и на споредните локални улици.

Дадена е информација во врска со нов повик за аплицирање на проекти во делот на прекуграничната соработка со Р.Бугарија и обезбедени финансиски средства за финансирање на проекти преку СИПР.

Наметната е идеа за изградба на Старечки Дом во с.Дурачка Река, во непосредна близина на училиштето, преку формирање на јавно-приватно партнерство и расчистување и преадаптација на просторот зад MY MARKET во јавен паркинг простор.

**Одделение за финансиски прашања**

Дадена е информација во врска со тековните активности на ова Одделение, кои вклучуваат подготовка и исплата на плата за вработените, плаќање на тековни обврски кон доверители и подготовка на Буџетот за 2018 година.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Дадена е информација во врска со тековни активности и финансиски обврски поврзани со асфалтирањето на локалната улица во м.в.Мечковци, во нас.Белево.

Дадено е информација во врска со формирање на екипа за увид и констатирање на фактичка состојба на сите селски гробишта на територијата на Општина Крива Паланка, во соработка со ЈП Комуналец и месното население, а заради нивно расчистување и просторно уредување.

Отворена е дискусија во врска со постапката и потребната документација, средства, апликации и елаборати за формирање на Катастар на подземна инсталација, како и за соработката со ЈП Комуналец и Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина по однос на ова прашање, за што дополнително ќе биде дадена информација на некој од наредните Колегиуми.

Дадена е информација во врска со постапката за итно поставување на заштитна ограда на мостот во м.в.Крстата падина и отпочнувањето на потребните активности за решавање на овој проблем.

Дадена е информација во врска со тековни и идни проекти кои ќе бидат реализирани преку СИПР.

Дадена е информација во врска со отпочнати подготвителни активности поврзани со Новогодишното украсување на градот.

Добиено е задолжение за обезбедување на информација за можностите и законските процедури за расчистување на просторот зад MY MARKET и негова преадаптација во јавен паркинг простор.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Дадена е информација во врска со активностите поврзани со утврдувањето на локации за депонирање на градежен шут, како и дека сеуште не е лоциран соодветен простор за таа намена.

Дадена е информација во врска со активностите поврзани со утврдувањето на локации за автокампови, како и дека сеуште не е лоциран соодветен простор за таа намена.

Да се испита можноста за уредување на градското зеленило и поставување на урбана опрема на просторот што се наоѓа на локацијата Пенди Вир.

Дадена е информација во врска со тековните процедури за изготвување на општите акти од доменот на ова Одделение.

Дадена е информација во врска со постоење на проект за изградба на жичарница кон локалитетот Калин Камен, со истакнување на потребата од комплетирање и доизработка на потребната проектна документација.

Дадено е задолжение за изнаоѓање на локација, проверка на законската процедура и подготовка на проектна документација за изградба на Старечки Дом, преку формирање на јавно-приватно партнерство.

**Одделение за човечки ресурси**

Дадена е информација во врска со постапката за вработување на едно лице во ТППЕ Крива Паланка и изготвувањето на сите потребни акти и процедури за реализација на оваа постапка.

Дадена е информација во врска со остварен контакт со Агенцијата за администрација, заради изготвување и усвојување на Годишен план за вработувања во Општината за 2018 година.

Дадена е информација во врска со подготовката на годишни програми од делокругот на ова Одделение.

Дадена е информација во врска со тековните постапки за формирање на Совети на месната самоуправа.

Дадена е информација во врска со потребата од решавање на просторното прашање и обезбедување на канцеларија за потребите на НВО секторот и на месните и урбаните заедници на територијата на Општина Крива Паланка.

Дадена е информација во врска со Укажувањето за задолжително носење на беџови за идентификација на вработените во Општината во работните простории за време на работното време и ефикасноста при спроведувањето на ова укажување од страна на вработените.

Дадена е информација во врска со тековните постапки за експропријација на недвижности и сите актуелни проблеми, потреби и ефекти поврзани со самите постапки.

Истакната е идејата за просторно уредување на просторот помеѓу НЛБ Тутунска банка и Фото студио Јаце со негово поплочување со бекатон плочки и поставување на осветлување и урбана опрема на истиот.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Дадена е информација во врска со потребата од отпочнување со тековни активности за спроведување на определени локални проекти како што се Конкурсот за најубаво украсен дом и дуќан, традиционалното џип рели, фолклорниот фестивал и други проекти од областа на културата.

Дадена е информација во врска со истекот на договорот со телевизијата К3, преку која се врши телевизиско емитување на седниците на Советот и други активности од доменот на локалната самоуправа и потребата од продолжување на истиот или склучување на нов договор со друг медиум.

Дадена е информација во врска со проект за изградба и уредување на пешачка патека.

Дадено е задолжение за запознавање со процедурата за ISO сертификација, по пат на меѓуопштинска соработка и размена на искуства со Општина Велес.

Истакната е потребата од отпочнување на активности за подготовка на Новогодишни пакетчиња за учениците во Општинските Основни Училишта и Детската градинка Детелинка.

**Одделение за правни и општи работи**

Дадена е информација во врска со спроведените тековни активности околу подготовката на Четвртата седница на Советот на Општина Крива Паланка, закажана за ден 30.11.2017 година.

Дадена е информација во врска со изготвувањето на Одлука за давање на користење на Министерството за труд и социјална политика на потребен канцелариски простор.

Дадена е информација во врска со законската рамка во поглед на вработување на едно лице во ТППЕ Крива Паланка и начинот на спроведување на самата постапка.

Дадена е информација во врска со донесени решенија за формирање на Комисии.

Дадена е информација во врска со тендерската постапка и изборот на понудувач за Новогодишното украсување на Градот.

Дадено е задолжение за проучување на законските одредби, како и можностите и процедурите за формирање на јавно-приватно партнерство, преку кое би се реализирала идејата за изградба на Старечки Дом во с.Дурачка Река.

**Одделение за инспекциски надзор**

Дадена е информација во врска со инспекциски надзор и расчистување на јавни површини, тротоари и локални улици од огревно дрво и нотирање на релативно високиот процент на успешност во рамки на таквата активност.

Истакнат е проблемот со излевање на канализацијата во с.Мождивњак и побарани се сугестии и начини за решавање на тековниот проблем, но и за поголема функционалност при наплатата на надоместокот за приклучување на истата.

Дадена е информација во врска со активностите околу расчистувањето на хаварисаните возила од јавните површини.

Дадена е информација во врска со изготвувањето на Програмите за јавно зеленило и јавна чистота за 2018 година.

Истакната е потребата од одвојување и селекција на отпадот на подрачјето на Општината, преку подигање на јавната свест, поставување на садови за селекција на отпадот, но и набавка на посебни возила за транспорт на селектиран отпад.

Дадена е информација дека ООУ Јоаким Крчовски повторно има добиено ЕКО Знаме, со што се отвараат можности за поддршка на нови проекти, но и нови задолженија во сферата на заштитата на животната средина, како и дека Бранко Велиновски останува член во ЕКО Одборот на Училиштето.

**ЈП Комуналец**

Наметната е потребата од формирање на Комисија за увид, заради утврдување на фактичката состојба и недостатоците кои треба да се отстранат во врска со рпоблемите поврзани со канализацијата во с.Мождивњак и информации во врска со приклучоците на канализационата мрежа.

Дадена е информација во врска со активностите за отстранување на гранки и дрвја од површините во сопственост на РМ, со посебен акцент за расчистување на сите нејаснотии поврзани со процедурата за нивно транспортирање, потребата од жиг и испратница, како и за таксата која треба да биде платена.

Дадена е информација во врска со активноста поврзана со поставување на бекатон плочки на тротоарите на делови од улиците Моша Пијаде и Партизанска.

Дадена е информација во врска со формирање на екипи за поставување на табли со куќни броеви.

Истакнат е проблемот поврзан со поставување и дислоцирање на садови за отпад (контејнери) пред станбените згради во урбаното градско подрачје.

**ЛУ Градски Музеј**

Дадена е информација за тековните активности во врска со програмата по повод Новогодишната прослава и потенцијалните манифестации во рамките на истата.

Дадена е информација во врска со обврската и роковите на НВО за аплицирање на определени проекти од локално значење.

Повторно е потенцирана потребата од решавање на проблемот со затоплувањето во салата во ЛУ Градски Музеј.